Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ
KËSHILLI BUXHETOR GJYQËSOR

Ул."Македонија"бр.5,1000 Скопје|тел. 02/3218-136 sudskibudzet@ssrm.mk
Rr."Makedonia"nr.5,1000 Shkup/tel. 02/3218-136 sudskibudzet@ssrm.mk

Бр.Nr 02-738/20-1
14.03.2024
Скопје/Shkup

# ЗАПИСНИК
# ОД ДВЕСТЕ И ОСУМНАЕСЕТТАТА СЕДНИЦА НА СУДСКИОТ БУЏЕТСКИ СОВЕТ

*одржана на ден* 29.01.2024 *година*

Преку конференциска врска со употреба на интернет аликацијата ZOOM на седницата присуствуваа: Претседателката на Судскиот буџетски совет на Република Северна Македонија – Весна Дамева, Претседателката на Врховниот суд на Република Северна Македонија – Беса Адеми, Претседателот на Управниот суд – Бурим Сејдини, Претседателот на Апелациониот суд Гостивар – Беким Мехмеди, Претседателот на Апелационен суд Битола – Петре Србиновски, Претседателката на Апелациониот суд Скопје – Мери Дика Георгиевска, Претседателот на Апелациониот суд Штип – Тони Делев, Претседателката на Основен суд Свети Николе – Лилјана Додевска, Директорката на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" – Наташа Габер Дамјановска, Државниот советник за судски буџет – Силвија Јаневска и претставникот од Министерството за финансии – Тоше Пановски.

На седницата не присуствуваа: Министерот за правда – Кренар Лога и Претседателот на Основен суд Тетово – Хасан Асани.

Седницата ја отвори и ја водеше Претседателката на Судскиот буџетски совет – Весна Дамева.

Седницата започна со работа во 13:00 часот.

На почетокот на седницата Претседателката на Судскиот буџетски совет констатира дека има кворум за работа.

На седницата беше предложен следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. **Усвојување на Записници од 213 седница на Судски буџетски совет одржана на ден 23.11.2023 година; 214 седница одржана на ден 15.12.2023 година, 215 седница одржана на ден 21.12.2023 година и 216 седница одржана на ден 29.12.2023 година;**
2. **Одлука за обезбедување средства за исплата на додатоци на плата за месец јануари 2024 година, со предлог одлука;**

3. **Одлука за конечна распределба на средствата од Буџетот на судската власт за 2023 година по единки корисници од раздел 29010-Судска власт за сметка 603-637, со предлог одлука;**
4. **Одлука за конечна распределба на средствата од Буџетот на судската власт за 2023 година по единки корисници од раздел 29010-Судска власт, програма 20-Судска администрација за сметка на сопствени приходи 631, со предлог одлука;**
5. **Одлука за распределба на средствата од Буџетот на судската власт за 2024 година по единки корисници од раздел 29010-Судска власт за сметка 631, со предлог одлука;**
6. **Одлука за спроведување групни јавни набавки во Судска власт за 2024 година, со предлог одлука;**
7. **Барања од единките корисници на судската власт за вработување на определено време за 2024 година;**
8. **Барање од Академија за судии и јавни обвинители бр.05-36/1 од 18.01.2024 година за исплата на надоместоци на плата на вработените;**
9. **Барања за вработувања по основ на мобилност со преземање на судски службеници, без јавен оглас во ОС Куманово и ОС Тетово;**
10. **Одлука за склучување договор со ЈП „Службен весник на РСМ“ за годишна претплата за единките корисници на судска власт за интернет пристап до Електронската база на ЈП „Службен весник на РСМ“ за 2024 година;**
11. **Информација во врска со исплата на јубилејна награда на вработените во единките корисници на судска власт согласно Општиот колективен договор за јавниот сектор.**
12. **Разно.**

Претседателката на СБС отвори дискусија во врска со предложениот дневен ред.

Директорката на Академијата ги извести членовите на Советот дека поради неодложни обврски ќе мора да ја напушти седницата во 14,00 часот, поради што замоли точката 8 од предложениот дневен ред да биде разгледана на почеток од седницата.

Членовите на Советот се согласија со предлогот за измена на редоследот на точките на дневниот ред на начин што ќе се заменат точката 8 и точката 2, односно точката 8 ќе стане точка 2, а точката 2 ќе стане точка 8.

Членовите на Судскиот буџетски совет едногласно го усвоија предложениот дневен ред со измената, по што се премина на работа по првата точка од дневниот ред:

**1. Усвојување на Записници од 213 седница на Судски буџетски совет одржана на ден 23.11.2023 година; 214 седница одржана на ден 15.12.2023 година, 215 седница одржана на ден 21.12.2023 година и 216 седница одржана на ден 29.12.2023 година.**

Најпрво Претседателката на СБС укажа дека записниците кои се разгледуваат под оваа точка се однесуваат на седници кои биле одржани во време кога таа не била Претседател на Советот, односно тоа бил Сашко Георгиев, како и во време кога составот на СБС бил различен односно во работата учествувал Претседателот на ОС Струмица чиј мандат е веќе завршен. Таа појасни дека овие седници биле одржани со минимум потребно присуство, односно со кворум од 6 членови на СБС.

Имено 213 седница е водена со кворум од 7 членови од кои Сашко Георгиев и Претседателот на ОС Струмица повеќе не можат да учествуваат на седниците на Советот и не можат да го дадат својот глас, што значи дека останува само 5 члена кои можат да гласаат за овој записник.

Таа истакна дека состојбата е слична и со 215 и 216 седница на СБС која била одржана со кворум од 6 члена меѓу кои и Сашко Георгиев, поради што само 5 члена може да гласаат за записниците.

Беше појаснето дека единствено ваков проблем нема кај 214 седница која била одржана со присуство на 8 члена меѓу кои и Сашко Георгиев. Од присутните членови за овој записник може да гласаат 7 члена, односно 6 члена бидејќи на оваа седница отсуствува Претседателот на ОС Тетово.

Претседателката на СБС посочи на член 8 став 2 од Законот за судски буџет каде е регулирано дека Судски буџетски совет ги носи одлуките со мнозинство гласови од вкупниот број на членови. Согласно наведеното, одлука за усвојување на записник треба да биде донесена со 6 гласа „За“, што во моментот за записниците од 213-та, 215-та и 216-та седница не е практично изводливо. Таа исто така сподели размислување дали оваа ситуација би влијаела проблематично и на одлуките донесени на овие седници.

Поради сите овие причини, Претседателката на СБС порача сите членови на Советот кои ќе имаат причини за отсуство, за истите писмено по маил да го известат Државниот советник за судски буџет, со цел во иднина да се спречат вакви проблематични ситуации. Таа посочи дека мора сериозно да се сфати улогата која ја имаат членовите на Судскиот буџетски совет поради важноста на одлуките кои се носат на седниците и дека е потребно тие да присустваат на седниците односно навремено да известуваат за причините за отсуство.

Членовите на Советот се согласија дека станува збор за проблематична ситуација поради фактот што на тие членови им престанала функцијата во Судскиот буџетски совет.

Претседателот на АС Гостивар и Претседателот на Управниот суд посочија дека оваа ситуација не треба да ја доведе во прашање

важноста на одлуките усвоени на седниците, бидејќи тие одлуки биле донесени со мнозинство гласови согласно Законот за судски буџет.

Претседателот на АС Гостивар предложи да се констатира од тие членови што биле присутни на седниците дали ја прифаќаат содржината на записниците и да гласаат, со тоа што за оваа состојба ако треба да се направи и посебно образложение.

Претседателката на СБС посочи дека таа не може да се согласи со овој предлог, бидејќи законот предвидува таква констатација да се направи кога има 6 гласови, а не помалку.

Претседателката на АС Скопје предложи да се размисли за решение за спорните записници и тие да се разгледаат на наредна седница, а на оваа седница да се расправа само за записникот од 214-та седница кој не е спорен.

Членовите на Советот се согласија со предлогот на Претседателката на АС Скопје, по што беше усвоен заклучок:

**Записниците од 213-та седница на Судски буџетски совет одржана на ден 23.11.2023 година, 215 седница одржана на ден 21.12.2023 година и 216 седница одржана на ден 29.12.2023 година да се повлечат од расправа и за нив да се одлучува на наредна седница.**

Во продолжение, Претседателката на СБС отвори расправа за записникот од 214-та седница на Судски буџетски совет.

Бидејќи никој од членовите не се јави за збор, записникот беше ставен на гласање, по што **Претседателката на СБС констатираше дека Записникот од 214-та седница на Судски буџетски совет одржана на ден 15.12.2023 година е усвоен со 6 гласа „За“.** Во гласањето не учествуваа Претседателката на СБС и Претседателката на ОС Свети Николе кои во моментот на одржување на 214-та седница не биле членови на СБС.

**2. Барање од Академија за судии и јавни обвинители бр.05-36/1 од 18.01.2024 година за исплата на надоместоци на плата на вработените.**

Претседателката на СБС и даде збор на Директорката на Академијата да ги запознае членовите на Советот со барањето бр.05-36/1 од 18.01.2024 година за исплата на надоместоци на плата на вработените во Академијата.

Директорката на Академијата потсети дека во месец јуни 2023 година бил донесен нов Закон за Академијата за судии и јавни обвинители, каде во член 65 е посебно уредено правото на вработените на посебен надоместок на плата во зависност од специфичноста на работните задачи. Врз основа на став 2 од овој член, Академијата разработила правилник согласно кој секој месец се прави посебна проценка во однос на перформансот кој што го имал секој вработен во изминатиот месец, поради што варира нивото на додатоците на плата кај вработените.

Директорката на Академијата потенцираше дека врз основа на овој закон изминатите месеци биле изработувани решенија за додатоци на плата за секој вработен и дека од донесувањето на законот па се до месец декември 2023 година во буџетот имало доволно средства за исплата на надоместоците. Таа појасни дека во 2023 година на ставката 404 имале на располагање 600.000 денари, од кои вкупно за трите месеци кога биле издадени решенијата за надоместоците (октомври, ноември и декември) требало да се исплатат средства во износ од 373.000 денари и дополнително персонален данок во износ од 41.000 денари. Директорката на Академијата напомена дека тие се обраќале со барање и со ургенции до Министерството за финанси за реализација на донесените решенија согласно законската одредба, но дека од страна на Министерството немаат добиено одговор, односно не бил одобрен планот за исплата на надоместоците. Беше посочено дека кај вработените се појавува незадоволство поради тоа што решенијата за надоместоци се уште не се реализирани и деке не е исклучена можноста тие да тужат за истите.

Директорката на Академијата истакна дека и во 2024 година ќе се продолжи со праксата за носење на решенија за додатоци на вработените бидејќи за тоа постои законски основ, поради што се бара потврда односно позитивен став и од Судскиот буџетски совет, покрај тоа што Академијата повторно ќе се обрати до Министерството за финансии.

Претседателката на СБС постави прашање дали износите на додатоци на плата се процентуално предвидени во законот, како и кој е предлогот на Директорката за решавање на овој проблем.

Директорката појасни дека надоместокот не смее да биде повисок од 35%, но дека во Академијата не се достигнува највисокиот износ, бидејќи е донесен Правилник во кој се разработени законските критериуми (работни задачи, специфичност, начин на услови на нивно извршување, постојана достапност на вработениот и слично), врз основа на кои секој месец се прави проценка, поради што сите вработени не добиваат ист износ на надоместок секој месец. Таа одговори дека Академијата бара односно предлага Судскиот буџетски совет да го потврди правото за исплата на надоместоците и за минатата година, бидејќи во буџетот има средства за таа намена.

Претседателката на ВСРСМ постави прашање дали надоместоците на плата се определуваат само за вработените или и за академците односно слушателите во Академијата.

Директорката на Академијата одговори дека членот 65 од Законот за Академија се однесува само на вработените односно на Службата за стручно технички работи, а не и за слушателите. Во продолжение таа го прочита горенаведениот член од Законот.

Државниот советник за судски буџет објасни дека проблемот е во тоа што претходниот период Академијата доставувала барања за исплата на додатоци до Министерството за финансии, но дека немало никаков одговор од Министерството, поради тоа што барањата на крајот на годината останале нерализирани. Таа потврди дека законскиот основ

постои и дека во буџетот на Академијата има обезбедени средства за исплата на надоместоци на категорија 404, поради што не е јасно зошто Министерството за финансии не дозволува исплата. Таа исто така посочи дека нема ништо спорно да се продолжува со барањата за исплата и во 2024 година, со надеж дека истите ќе бидат исплатени.

Директорката на Академијата дополни дека доколку не им се исплати на вработените, тие ќе поведат судски постапки, што ќе доведе до зголемување на трошоците за постапките при очигледно постоење законски основ за исплата.

За збор се јави Претседателот на АС Гостивар кој истакна дека за да се избегнат дополнителни трошоци од судски постапки и порано се одобрувале вакви барања, поради што според него може да се одобри барањето да бидат одобрени средства за исплата на претходните месеци.

За збор се јави Претседателот на Управниот суд кој постави прашање дали Академијата бара Судскиот буџетски совет да го потврди финансискиот план за исплата на надоместоците за изминатите три месеци. Тој го цитираше доставеното барање од Академијата и истакна дека според него Судскиот буџетски совет нема надлежност да донесе план за исплата на надоместоци, затоа што и во самиот допис се тврди дека надоместоци на плата во Академијата веќе не се исплаќаат по одлуки на Судски буџетски совет, туку согласно Правилникот.

Во продолжение членовите на Советот дискутираа околу прашањето дали треба да се донесе одлука или заклучок во врска со барањето на Академијата.

Претседателката на СБС укажа дека со дописот се бара ургенцијата да биде проследена до Министерството за финансии заради одобрување на бараниот план за исплата, од што произлегува дека Министерството за финансии е тој што ќе го одобри планот. Таа исто така се повика и на член 9 ст.1 ал.9 од Законот за судски буџет, каде е утврдено дека СБС врши друг работи предвидени со закон, поради што истакна дека СБС има надлежност за да го проследи ова барање до Министерството за финансии, кое треба да одлучи за исплатата на надоместоците.

Врз основа на целокупната дискусија Претседателката на СБС го предложи следниот заклучок:

**Судскиот буџетски совет дава согласност барањето на Академијата за судии и јавни обвинители бр.05-36/1 од 18.01.2024 година да се проследи до Министерството за финансии со оглед на потребата да се одобри план за првиот квартал за месец јануари 2024 година на следните ставки: 404 во износ од 373.037 денари и на 401 износ од 41.447 денари.**

Претседателката на СБС го стави предложениот заклучок на гласање по што констатираше дека истиот е усвоен со мнозинство гласови односно 8 гласа „За“ и 1 глас „Против“ од кои „Против“ гласаше Претседателот на Управниот суд, додека останатите членови на Советот гласаа „За“.

**3. Одлука за конечна распределба на средствата од Буџетот на судската власт за 2023 година по единки корисници од раздел 29010-Судска власт за сметка 603-637, со предлог одлука.**

Претседателката на СБС потсети дека Одлуката за конечна распределба на средства за сметката 603-637 и одлуката за конечна распределба на средства за сметка 631 која ќе се разгледува во наредната точка се носат на почетокот на годината, но дека истите се однесуваат на претходната година. Претседателката на СБС објасни дека овие одлуки ги опфаќаат сите пренамени меѓу единките корисници што се извршени на крајот на претходната година согласно нивните барања и согласно Одлуката за овластување на претседателот за вршење пренамена за 2022 година, а заради целосно реализирање на буџетот, како и реализација на извршните решенија. Беше истакнато дека податоците дадени во табелата што е составен дел од Одлуката се идентични со податоците во Министерството за финансии.

Во продолжение беше отворена дискусија за точката.

Бидејќи никој од членовите не се јави за збор, Претседателката на СБС ја стави точката на гласање, по што констатираше дека Советот едногласно, со 9 гласа „За" ја усвои **Одлуката за конечна распределба на средствата од Буџетот на судската власт за 2023 година по единки корисници од раздел 29010-Судска власт за сметка 603-637.**

**4. Одлука за конечна распределба на средствата од Буџетот на судската власт за 2023 година по единки корисници од раздел 29010-Судска власт, програма 20-Судска администрација за сметка на сопствени приходи 631, со предлог одлука.**

Претседателката на СБС напомена дека образложението дадено за одлуката под точка 3 се однесува и на Одлуката за конечна распределба на средствата од сметката на сопствени приходи 631.

Во продолжение беше отворена дискусија за точката.

Бидејќи никој од членовите не се јави за збор, Претседателката на СБС ја стави точката на гласање, по што констатираше дека Советот едногласно, со 9 гласа „За" ја усвои **Одлуката за конечна распределба на средствата од Буџетот на судската власт за 2023 година по единки корисници од раздел 29010-Судска власт, програма 20-Судска администрација за сметка на сопствени приходи 631.**

Претседателката на Судскиот буџетски совет констатираше дека по завршување на расправата за точка 4, а по претходно известување за оправдани причини, седницата ја напуштија Директорката на Академијата за судии и јавни обвинители и претставникот од Министерството за финансии.

Претседателката на СБС констатираше дека има кворум да се продолжи со седницата.

**5. Одлука за распределба на средствата од Буџетот на судската власт за 2024 година по единки корисници од раздел 29010-Судска власт за сметка 631, со предлог одлука.**

Претседателката на СБС извести дека одобрениот буџет на судската власт за 2024 година за сметката на сопствени приходи 631 за категорија 42-Стоки и услуги изнесува 94.000.000 денари, а на категорија 46-Субвенции и трансфери изнесува 10.000.000 денари. Таа објасни дека вкупниот износ на средства кои се пренесени како салдо од претходните години изнесува околу 130.000.000 денари. Судовите проектираат дека во текот на 2024 година приливот на средства на оваа сметка ќе изнесува околу 82.500.000 денари. Беше објаснето дека средствата на сопствената сметка судовите ги остваруваат согласно Законот за судски буџет каде судските паушали, приходите од закупнини и други приходи се извори на финансирање на судовите.

Претседателката на СБС посочи дека со распределбата на средства од сметката 631 се дообезбедуваат средства за активностите на судовите кои не можат да се обезбедат од буџетските сметки 603/637 со оглед на значително намалениот буџет на категорија 42, за што било дискутирано на претходната седница на СБС. Таа извести дека судовите доставиле барања за распределба на средства по ставки за оваа сметка по што истите се внесени во табела која е составен дел од материјалите за оваа точка. Претседателката на СБС објасни дека дел од барањата се целосно опфатени во предлог распределбата во износ што го барале судовите, а во дел била извршена корекција на барањата на судовите имајќи го предвид буџетот за 2024 година, како и за да се обезбеат воедначени услови за работа на судовите, односно за да нема селективност. Таа посочи дека овој податок се однесува посебно на ставката 423 каде што некои судови имале значително повисоки барања од другите судови. Исто така беше напоменато дека и покрај тоа што се работи за средства од сопствена сметка сепак трошењето и на овие средства треба да биде максимално економично.

Претседателката на СБС истакна дека во рамки на категоријата 46 – субвенции и трансфери е одобрен износ од 10.000.000 денари кои ќе се распределуваат по единки корисници – судовите, а по доспеани правосилни и извршни одлуки и решенија, потоа за склучените спогодби со вработените по разни права од работен однос од минатата 2023 година, како и по основ на утврдено право за отпремнини, солидарна помош и боледување подолго од 6 месеци на вработените во судската власт и други права утврдени со закон.

Таа извести дека веќе стигнале барања од неколку судови за исплаќање на обврски по спогодбите склучени во 2023 година, поради што ќе треба да се одлучи дали судовите кои имаат средства на сметка 631 да ги исплаќаат спогодбите од оваа сметка. Таа објасни дека ова прашање го поставува со оглед на фактот дека на сметката 603 има буџет од 22.732.000 денари, а од оваа година ќе треба да се исплаќаат и

јубилејни награди за вработените согласно одредбите од колективниот договор.

Исто така беше напоменато дека на оваа ставка не се распределува буџет по единки корисници однапред, туку истото се прави по доставување на решенија од страна на единките корисници на судската власт по наведените основи. Во продолжение беше отворена расправа за точката.

За збор се јави Претседателката на АС Скопје која извести дека судот доставил барање за проширување на планот на средства за сметка 631 на ставка 424 за 2024 година, обаснувајќи дека судот барал 2.000.000 денари, но со предлог распределбата нив им се одобрени 1.000.000 денари. Таа укажа дека согласно судскиот деловник АС Скопје е одговорен за одржување на целиот објект на зградата која има површина од околу 10.000 $м^2$, иако во судската зграда има и други корисници (Основен граѓански суд Скопје, а претходно и обвинителство за организиран криминал), како и има најави дека ќе се всели и друг корисник. Поради таа причина, истакна дека е потребно да се дообезбедат средства за одржување на зградата во износ од 390.000 денари, со што вкупниот износ за АС Скопје би изнесувал 1.390.000 денари.

Претседателката на СБС истакна дека ја разбира потребата на АС Скопје, но ако се анализира предлог распределбата поединечно по судови ќе се утврди дека на АС Скопје му се доделени 1.000.000 денари на ставката 424, што претставува енормно поголем износ од било кој суд, освен од Основниот кривичен суд Скопје кој има две згради и повеќе простории. Таа објасни дека при креирање на предлог распределбата сметала дека износот кој е доделен на АС Скопје е разумен и е доволен за одреден период, а за понатаму ќе се следи состојбата. Претседателката на СБС исто така укажа дека оваа година кај сите судови се намалени износите, поради што е потребно средствата во износ од 390.000 денари да останат нераспределени, односно на прва линија доколку се појави некоја неопходна потреба за интервенција кај судовите.

Бидејќи во продолжение никој друг од членовите не побара збор, Претседателката на СБС ја стави точката на гласање, по што констатираше дека Советот едногласно, со 8 гласа „За“ ја усвои **Одлуката за распределба на средствата од Буџетот на судската власт за 2024 година по единки корисници од раздел 29010-Судска власт за сметка 631.**

**6. Одлука за спроведување групни јавни набавки во Судска власт за 2024 година, со предлог одлука.**

Претседателката на СБС посочи дека Одлуката за спроведување групни јавни набавки со Судска власт е одлука која што се донесува секоја година, на почетокот на годината, со цел да се заштедат средства од буџетот. Во продолжение беше отворена расправа за точката.

За збор се јави Претседателот на Управниот суд во врска со постапката за групна јавна набавка за Фемида која ја спроведува овој суд. Тој објасни дека постапката била започната во 2023 година, но со оглед на специфичноста на јавната постапка истата е во фаза на евалуација. Со оглед дека постапката се уште трае во 2024 година, тој предложи истата да биде внесена во Одлуката за групни јавни набавки за 2024 година. Тој исто така ги запозна членовите на Советот дека според досегашните податоци износот на јавната набавка е околу 2.000.000 денари над проценетата вредност.

Претседателката на СБС посочи дека ваква ситуација со групна јавна набавка која започнала во претходна година, а продолжува во тековната година имало и порано, како што бил случајот при набавката на серверите од страна на Врховниот суд на РСМ. Таа извести дека тогаш било побарано произнесување од Бирото за јавни набавки од каде добиле одговор дека доколку јавната набавка била внесена во 2023 година, нема потреба да се внесе и во 2024 година.

Бидејќи во продолжение никој друг од членовите не побара збор, Претседателката на СБС ја стави точката на гласање, по што констатираше дека Советот едногласно, со 8 гласа „За" ја усвои **Одлуката за спроведување групни јавни набавки во Судска власт за 2024 година.**

**7. Барања од единките корисници на судската власт за вработување на определено време за 2024 година.**

Претседателката на СБС истакна дека до Министерството за финансии биле поднесени барања за обезбедување на финансиски средства за вработување на 178 извршители на определено време во 2024 година кои се идентични со вработувањата на определено време за 2023 година и кои се дел од предлог-Единствениот годишен План за вработување во судовите за 2024 година, како и барање за обезбедување на финансиски средства за 3 вработувања на определено време во Судскиот совет на РСМ. Таа извести дека Министерството за финансии дало согласност за сите барања и дека истите се веќе доставени до судовите. Покрај ова, Претседателката на СБС ги извести членовите дека во петокот бил доставен одговор од Министерството со позитивно мислење на Единствениот годишен план за вработување за 2024 година.

Во продолжение Претседателката на СБС напомена дека покрај овие 178 вработувања, повеќе единки корисници на судската власт до СБС испратиле дополнителни барања за вработувања на определено време во 2024 година, кои што се наведени во табелата составен дел од материјалите за оваа точка. Таа посочи дека во врска со овие поднесени дополнителни барања, Советот треба да се произнесе дали истите да се проследат до Министерството за финансии за одобрување.

Покрај ова Претседателката на СБС извести дека во текот на денот пристигнало уште едно барање од Врховниот суд на РСМ, кое што не е

нотирано во табелата, но кое ќе се разгледа на седницата. Во барањето Врховниот суд на РСМ наместо 2 бара 3 вработувања.

Претседателката на СБС отвори дискусија во врска со точката, по што укажа дека на крај и таа ќе ги сподели нејзините размислувања во врска со барањата на судовите.

За збор се јави Претседателката на ВСРСМ која објасни дека согласно Законот за судска служба Врховниот суд поднел барање за обезбедување на финансиски средства за вработување на определено време за 3 извршители и тоа на работно место хигиеничар 2 извршители и за работно место самостоен судски референт економ 1 извршител. Таа истакна дека работното место хигиеничар е предвидено во Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работни места во ВСРСМ и истото не е пополнето, иако се работи за работно место кое што е неопходно за одржување на хигиената во судот. Беше објаснето дека од предвидените 10 извршители во судот се вработени само 7, од кои еден хигиеничар во текот на 2024 година е на породилно отсуство, а друг хигиеничар поради здравствени причини често отсуствува од работа. Од друга страна поради престанок на работен однос по барање на судски службеник на 01.03.2024 година е неопходно пополнување на работно место самостоен судски референт економ еден извршител поради обемот на работата и недоволен број судски службеници од категоријата „Г". Претседателката на ВСРСМ посочи дека веќе подолг временски период судските службеници во судот се дополнително ангажирани да извршуваат работи и работни задачи на повеќе работни места, поради што побара да се уважи нејзиното барање.

Претседателката на СБС најпрво истакна дека нема дилема во однос на оправданоста на барањето на ВСРСМ, особено по даденото образложение од страна на Претседателката на судот. Во продолжение таа го даде своето мислење во врска на другите дополнителни барања поднесени од единките корисници. Објасни дека барањето на Судскиот совет се однесува на три работни места на определено време и тоа: информатичар, аналитичар за стручно оперативни работи и сметководител, кои се неопходни за функционирањето на Советот, а кои биле барани и во 2023 година, но не биле одобрени. Таа укажа дека ССРСМ нема информатичар поради што доколку настане прекин во системот, целата работа може да се блокира. Во врска со барањето за аналитичар за стручно оперативни работи беше објаснето дека во Советот во моментот работи само едно лице на ова работно место кој во текот на годината треба да се пензионира, поради што е потребно поскоро да се вработи лице за да биде наремено и соодветно обучено за работата. Барањето за сметководител е исто така неопходно, бидејќи во Советот секогаш имало двајца сметководители со цел да нема застој во работењето.

Во врска со барањата доставени од другите судови, Претседателката на СБС истакна дека Министерството за финансии генерално не ги одобрува дополнителните барања за определено време, надвор од Единствениот годишен план за вработување, поради што СБС

треба да одлучи да ги препраќа само неопходните и приоритетни дополнителни барања од судовите.

Таа извести дека ОС Делчево поднел барање за дополнителни четири работни места, но според неа овде станува збор за голема бројка. ОС Кавадарци барал едно место, но дека на судот за 2024 година веќе му биле одобрени девет работни места колку што првично барал. Исто така и ОС Кратово барал едно работно место, но дека и нему претходно му биле одобрени седум работни места. ОС Свети Николе дополнително побарал уште едно вработување, во ситуација кога претходно му биле одобрени пет вработувања. Беше даден предлог овие работни места да не се проследат до Министерството за финансии.

ОС Неготино барал согласност за хигиеничар, што според Претседателката на СБС е оправдано барање и истото треба да се одобри бидејќи станувало збор за пренесена согласност од претходната година. Исто така и ОС Прилеп барал согласност за пополнување на работно место помлад судски соработник, која според неа е оправдано, во ситуација кога енормно е намален бројот на судиите во судот, вработување на ова место ќе помогне да се завршат дел од работите. Основниот граѓански суд Скопје барал 26 вработувања што според неа претставува голема бројка. По спроведена анализа во врска со барањата од овој суд таа истакна дека најрационално е да се одобрат следните работни места: Советник портпарол еден извршител, помлад судски референт записничар четири извршители и хигиеничар три извршители, односно вкупно осум работни места. Претседателката на СБС побара мислење од останатите членовите во врска со нејзините предлози.

За збор се јави Претседателката на ВСРСМ која објасни дека тие делат простории со Основниот граѓански суд Скопје и укажа дека овој суд навистина има проблем со редовно одржување на хигиената, особено во дворот и гаражата. Таа напомена дека барем еднаш месечно ги задолжува хигиеничарите од ВСРСМ да го исчистат просторот помеѓу судските згради, вклучително и дворот на Основниот граѓански суд Скопје, за да се обезбеди чист простор. Поради оваа причина порача дека СБС треба да дозволи вработување на хигиеничари и во Основниот граѓански суд Скопје.

Бидејќи во продолжение никој друг од членовите не побара збор, **Претседателката на СБС предложи до Министерството за финансии да се проследат следните барања за вработувања на определено време:**

**За Судски совет на РСМ да се побара согласност за вработување на: информатичар, аналитичар за стручно оперативни работи и сметководител, сите по еден извршител;**

**За Врховен суд на РСМ да се побара согласност за: хигиеничар – два извршители и за самостоен судски референт економ – еден извршител;**

**За ОС Неготино да се побара согласност за хигиеничар – еден извршител;**

**За ОС Прилеп да се побара согласност за помлад судски соработник – еден извршител и**

**За Основен граѓански суд Скопје да се побара согласност за: хигиеничар – три извршители, помлади судски референти записничари – четири извршители и советник портпарол – еден извршител.**

**Останатите барања од другите судови да не бидат проследени до Министерството за финансии, бидејќи во моментот не била докажана нивната неопходност.**

**Претседателката на СБС го стави предлогот на гласање, по што констатираше дека истиот е едногласно усвоен од членовите на Судскиот буџетски совет со 8 гласа „За“.**

**8. Одлука за обезбедување средства за исплата на додатоци на плата за месец јануари 2024 година, со предлог одлука.**

Претседателката на СБС извести дека со Буџетот за 2024 година за ставката 401-Основни плати се обезедени 1.495.300.000 денари и за ставка 402-Придонеси за социјално осигурување се обезбедени 561.496.000 денари. Притоа таа појасни дека месечниот износ за плата без додатоци изнесува околу 171.000.000 денари, а со додаток од 10% пресметката изнесува 177.200.000 денари со укажување дека овде се пресметани само додатоци на плата за судската служба и за вработените во ССРСМ, но не на судиите и на членовите на ССРСМ.

Претседателката на СБС истакна дека не сака да биде сфатена селективно, но според неа треба да постои баланс помеѓу додатоците кои се определуваат за судската служба и за вработените во ССРСМ, како што беше порано пракса. Таа појасни дека вработените во ССРСМ не добиле покачување на плата, ниту израмнување на плати, ниту пак имаат добиено унапредување во службата, за разлика од судските службеници. Таа побара разбирање од другите членови за оваа состојба, поради што предложи да се предвиди поголем додаток на плата за вработените во ССРСМ, со цел да се постигне баланс.

Претседателката на СБС објасни дека од извршените пресметки произлегува дека за два месеци во 2024 година има можност за исплата на додатоци на плата од 10% за администрацијата со сегашните параметри за проекција, а доколку се предвидат 20% додатоци на плата за вработените во ССРСМ тоа би изнесувало плус уште 180.000 денари.

Во продолжение беше отворена расправа за точката.

Претседателката на ВСРСМ постави прашање дали има можност да се предвиди додаток на плата за судската администрација во износ од 15% и за вработените во ССРСМ во износ од 20%.

Претседателот на АС Гостивар постави прашање колку изнесува месечниот лимит за исплата на плата и додатоци на плата.

Претседателката на СБС објасни дека согласно пресметките 10% додаток на плата за судската служба изнесува околу 4.000.000 денари, што е износ што предизвикува фискални импликации наспроти

дополнителни 10% за вработените во ССРСМ кој изнесува 180.000 денари. Таа посочи дека при определување на процентот на додатоци на плата мора да се има предвид и укажувањето од Министерството за финансии за почитување на нивните проекции за месечен лимит. Поради оваа причина таа предложи за месец јануари да се определи додаток на плата во висина од 10% за судската служба и 20% за вработените во ССРСМ.

Претседателот на Управниот суд истакна дека тој се согласува со предлогот да се обезбедат средства во износ од 10% за судската служба и во износ од 20% за вработените во ССРСМ, со оглед дека вработените во ССРСМ се помал број поради што и импликациите врз буџетот се помали, како и земајќи го во предвид фактот дека кај нив немало зголемување на плати во ист процент како кај судската служба.

Претседателот на АС Гостивар посочи дека ако со предлогот од 10% за судска служба и 20% за вработените во ССРСМ не се надминува месечниот лимит, тогаш и тој се согласува со предлогот.

Државниот советник за судски буџет објасни дека со предложените износи не се надминува месечниот лимит за исплата на плата и додатоци на плата. Таа потсети минатиот месец биле обезбедени средства за исплата на додатоци во износ од 10% и дека покрај месец јануари, можеби ќе има средства за да се исплатат додатоци во износ од 10% за уште еден месец. Таа истакна дека секој месец ќе се прават пресметки во врска со можноста да се исплаќаат додатоци на плата, како и за висината на процентот, согласно динамиката на спроведување на планот за вработување, како и пензионирањата во судовите.

Бидејќи во продолжение никој друг од членовите не побара збор, Претседателката на СБС го стави предлогот на гласање, по што констатираше дека Советот едногласно со 8 гласа „За" ја усвои **Одлуката за обезбедување средства за исплата на додатоци на плата за месец јануари 2024 година во износ од 10% за судската служба и во износ од 20% за вработените во Судскиот совет на РСМ.**

Во продолжение Претседателката на СБС посочи дека треба посебно да се гласа и за Одлука за необезбедување средства за додатоци на плата за судиите и членовите на ССРСМ.

Бидејќи никој од членовите не се јави за збор, Претседателката на СБС го стави предлогот на гласање, по што констатираше дека Советот едногласно со 8 гласа „За" ја усвои **Одлуката за необезбедување средства за исплата на додатоци за плата за месец јануари за судиите и членовите на Судскиот совет на РСМ.**

**9. Барања за вработувања по основ на мобилност со преземање на судски службеници, без јавен оглас во ОС Куманово и ОС Тетово.**

Претседателката на СБС извести дека ОС Куманово до СБС поднел барање за издавање на согласност за пополнување на слободни работни

места по пат на преземање на 2 (две) лица од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците на работно место Помлад судски соработник, за што има доставено потпишани спогодби за преземање со Министерството. Притоа од страна на Министерството за финансии и Министерството за информатичко општество и администрација се добиени согласности за реализација на наведените трајни преземања.

Претседателката на СБС извести дека и ОС Тетово исто така поднел барање до СБС за издавање на согласност за пополнување на слободни работни места по пат на преземање на 1 (едно) лице од Министерството за животна средина и просторно планирање и 1 (едно) лице од Државниот санитарен и здравствен инспекторат, за што има доставено потпишани спогодби за преземање со Министерството и Инспекторатот. Притоа од страна на Министерството за финансии и Министерството за информатичко општество и администрација се добиени согласности за реализација на наведените трајни преземања.

Претседателката на СБС напомена дека согласно член 48 од Законот за судска служба потребно е Советот да се произнесе по барањата на ОС Куманово и ОС Тетово, по што отвори расправа.

Бидејќи никој од членовите не побара збор, **Претседателката на СБС ја стави точката на гласање, по што констатираше дека Советот едногласно со 8 гласа „За" издава согласност за:**

**Барање за вработување по основ на мобилност со преземање на судски службеници, без јавен оглас од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците во ОС Куманово на две лица на работно место Помлад судски соработник и**

**Барање за вработување по основ на мобилност со преземање на судски службеници, без јавен оглас од Министерството за животна средина и просторно планирање на едно лице и од Државниот санитарен и здравствен инспекторат на едно лице во ОС Тетово.**

**10. Одлука за склучување договор со ЈП „Службен весник на РСМ" за годишна претплата за единките корисници на судска власт за интернет пристап до Електронската база на ЈП „Службен весник на РСМ" за 2024 година.**

Претседателката на СБС потсети дека ова е одлука која се носи секоја година, бидејќи на ваков начин се добива повластена цена на претплата, со укажување дека за 2024 година цената за една претплата за интерент пристап е зголемена за 500 денари. Таа посочи дека во однос на печатеното издание се уште нема понуда, туку само неофицијално известување дека Владата на РСМ треба да ја определи цената и дека се очекува истата да биде зголемена од 12.000 денари (колку што изнесувала во 2023 година) на 16.000 денари. Претседателката на СБС истакна дека и покрај тоа што нема склучен

договор за печатено издание, сепак ЈП Службен весник продолжил да доставува по еден примерок од печатеното издание во секој суд.

Во продолжение Претседателката на СБС отвори дискусија особено во врска со потребата за добивање на печатена верзија од Службен весник. Според неа имајќи ја во предвид финансиската состојба и покачувањето на цената за печатеното издание, тоа ќе претставува дополнителен трошок за буџетот, како и тоа дека средствата за оваа намена би можеле да се искористат за други потреби.

Членовите на СБС истакнаа дека судовите имаат потреба да добиваат и печатена верзија од Службен весник, која се чува во библиотеките на судовите.

Бидејќи во продолжение никој друг од членовите не побара збор, Претседателката на СБС предложи да се донесе предложената одлука за пристап до електронската база на прописи на ЈП „Службен весник на РСМ" за 2024 година, како и да се усвои заклучок за потребата од добивање примерок од печатеното издание.

Предлозите беа ставени на гласање, по што Претседателката на СБС констатираше дека Советот со 8 гласа „За" усвои **Одлука за склучување договор со ЈП „Службен весник на РСМ" за годишна претплата за единките корисници на судска власт за интернет пристап до Електронската база на ЈП „Службен весник на РСМ" за 2024 година,** заедно со **Заклучок да се продолжи со земање по еден примерок од печатеното издание за секој суд како и досега.**

**11. Информација во врска со исплата на јубилејна награда на вработените во единките корисници на судска власт согласно Општиот колективен договор за јавниот сектор.**

Претседателката на СБС истакна дека судовите до СБС започнале да доставуваат барања за обезбедување на финансиски средства за исплата на јубилејна награда согласно одредбите од Општиот колективен договор за јавниот сектор („Службен весник на РСМ" бр.154/23). Во врска со остварувањето на ова право беше посочено дека е спорно дали право на јубилејна награда имаат само оние работници кои во 2024 година ќе имаат непрекинат работен стаж кај ист работодавач исклучиво од 10, 20, 30 или 40 години работен стаж или пак и оние работници кои во 2024 година ќе имаат непрекинат работен стаж кај ист работодавач од најмалку 10, 20, 30 или 40 години работен стаж (на пример 12, 25, 38 години и слично). Таа истакна дека во барањата од судовите може да се забележат и двата случаи.

Претседателката на СБС напомена дека согласно член 43 од Општиот колективен договор за јавниот сектор, може да се побара толкување на горенаведените одредби од страна на Комисијата за следење на примената на Општиот колективен договор за јавниот сектор, која се формира од договорните страни во рок од 30 дена од склучувањето на колективниот договор. Согласно горенаведеното, Претседателката на СБС даде предлог доколку има потреба од

дообјаснување во врска со примената на одредбата за јубилејни награди, СБС да се обрати до оваа комисија.

Претседателката на ВСРСМ истакна дека согласно член 20 ст.4 од колективниот договор, јубилејни награди се исплаќаат за непрекината работа кај ист работодавач за најмалку 10, 20, 30 или 40 години. Таа посочи дека терминот „јубилејна награда“ е јасен и истиот означува точно 10, 20, 30 или 40 години, а не се однесува и за годините između.

Претседателот на АС Битола сподели дека во судот пристигнале барања од вработени во кои е наведено дека имаат 10 години и 2 месеци, од кои може да се утврди дека тие стекнале 10 години во 2023 година, а не во 2024 година. Тој посочи дека треба да се внимава и на вакви ситуација, бидејќи јубилејните награди треба да се дадат во годината во која се навршува јубилејот.

Претседателката на АС Скопје истакна дека се согласува со претходно изнесените ставови, споделувајќи дека и таа има добиено јубилејна награда кога навршила точно 10 години континуирана работа во судот. Според неа и порано јубилејни награди се давале за 10, 20, 30 и 40 години, а не за годините између.

Членовите на Советот дискутираа дека согласно одредбите од Колективниот договор јубилејните награди не можат да важат ретроактивно за 2023 година, бидејќи е определено нивната исплата да започне од 2024 година. Тие исто така посочија дека јубилејните награди се исплаќаат само за вработените во службата, а не и за судиите. Согласно горенаеденото се согласија дека не е потребно Судскиот буџетски совет да се обрати до Комисијата за следење на примената на Општиот колективен договор за јавниот сектор во врска со одредбите за исплата на јубилејни награди.

Врз основа на целокупната дискусија, Претседателката на СБС предложи да се донесе следниот заклучок: **да се изготви информација која ќе се достави до сите судови дека јубилејна награда согласно Општиот колективен договор за јавниот сектор ќе се исплаќа само на оние вработени во единките корисници на судската власт кои во 2024 година навршуваат точно 10, 20, 30 и 40 години непрекината работа кај ист работодавач.**

**Откако беше ставен на гласање, Претседателката на Судскиот буџетски совет констатираше дека предложениот заклучок е едногласно усвоен од членовите на Советот со 8 гласа „За“.**

**12. Разно**

Претседателката на СБС ја отвори расправата под точка Разно. Најпрво таа ги информираше членовите на Советот дека на ставката 421 е извршено проширување на буџетот од третиот во првиот квартал, со цел судовите во овој период да имаат доволно средства за греење и за нафта.

Во продолжение за збор се јави Претседателот на АС Гостивар кој замоли за информација во врска со согласностите за унапредувања за ОС Кичево, кои биле побарани во текот на 2022 и 2023 година, но за кои немале добиено никаков одговор од Министерството за финаснии.

Државниот советник за судски буџет одговори дека не може конкретно да одговори во врска со прашањето за ОС Кичево, меѓутоа појасни дека вработувањата и унапредувањата за кои немало дадена согласност во 2023 година од страна на Министерството за финансии, нема законска можност да се побара согласност во 2024 година. Таа појасни дека обнова на согласност се давало единствено на оние вработувања кои биле одобрени во 2023 година и кои продолжуваат и во 2024 година. Таа посочи дека имало неколку барања од судовите кои останале без одговор од Министерството за финансии, но дека за нив може евентуално да се бара промена на планот за вработување за 2024 година, со цел да се вклучат во истиот.

Во продолжение за збор се јави Претседателката на АС Скопје која постави прашање како постапиле претседателите на судовите во врска со регулирањето на поштенските услуги со Македонска пошта за пратките кои тежат над 50 гр. Таа го постави ова прашање со цел судовите да бидат усогласени во постапувањето.

Претседателите на АС Гостивар, АС Штип и на ОС Свети Николе одговорија дека тие веќе ги потпишале договорите со Македонска пошта, за кои согласно условите ќе биде потребно да бидат и нотарски заверени.

Во продолжение за збор се јави Претседателката на ОС Свети Николе која истакна дека се јавила за збор при разгледување на точката 7 од дневниот ред, но не добила збор. Таа посочи дека судот доставил дополнително барање за стручен соработник на определено време, за кое нема информација дали е пристигнато до СБС.

Претседателката на СБС се извини затоа што не видела дека Претседателката на ОС Свети Николе побарала збор во претходната дискусија. Таа постави прашање дали ОС Свети Николе ги добил согласностите за бараните пет вработувања на определено време.

Претседателката на ОС Светни Николе одговори дека ги добиле тие согласности, но покрај нив судот има потреба од дополнително вработување на стручен соработник.

Претседателката на СБС објасни дека при разгледување на податоците за секој суд било утврдено дека ОС Свети Николе на тројца судии има вработено тројца стручни соработници. Претседателката на ОС Свети Николе укажа дека во судот имало само двајца стручни соработници, бидејќи едниот стручен соработник е на обука во Академијата за судии и јавни обвинители, поради што имаат потреба од дополнително вработување.

Претседателката на СБС одговори дека тие не биле запознаени со овој податок, но дека сепак точката за дополнителни вработувања е веќе

затворена и е донесена одлука за истото. Но порача дека оваа забелешка и барање ќе ги имаат во предвид за некоја наредна седница.

Покрај ова, Претседателката на ОС Свети Николе постави прашање како ќе се врши исплата на доставените правосилни и извршни пресуди за судската администрација.

Државниот советник за судски буџет одговори дека склучените спогодби, како и барањата по правосилни и извршни пресуди ќе бидат реализирани во наредните денови, согласно донесената Одлука од точка 5 од дневниот ред. Таа појасни дека судовите кои што имаат обезбедено средства на сметка 631, за нив ќе се одобри реализација од оваа сметка, додека за останатите судови ќе се прават комбинации помеѓу сметките 603 и 631, со цел да има доволно средства за сите судови.

Бидејќи во продолжение никој друг од членовите не побара збор под точката Разно, Претседателката на Судскиот буџетски совет ја заклучи 218-та седница на Судскиот буџетски совет.

Седницата заврши во 15:00 часот.

Тонската снимка е составен дел од овој записник.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**СУДСКИОТ БУЏЕТСКИ СОВЕТ**

***Весна Дамева***